ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ОПИС НА ГРАНИЦА

Планскиот опфат претставува дел од УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Јане Сандански“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци. Се наоѓа централното градско подрачје на град Кавадарци.

Граница на опфатот

Границата на опфатот е дефинирана:
- од северната страна, границата на опфатот се движи по оската на улицата „Ресавска“,
- од североисточната страна, границата на опфатот се движи по оската на улицата „Народен фронт“,
- од источната страна, границата на опфатот се движи по оската на улицата „Јане Сандански“,
- од јужната страна, границата на опфатот се движи по оската на улицата „Задругарска“,
- од западната страна, границата на опфатот се движи по осовината на улицата „Пролетерска“.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 1.3ха.
Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

	Y	X
1.	7584983.67	4588085.90
2.	7585113.00	4588109.75
3.	7585131.42	4588104.40
4.	7585149.83	4588099.04
5.	7585155.90	4588027.11
6.	7585149.26	4588020.88
7.	7585133.71	4588005.89
8.	7585109.57	4587982.01
9.	7585108.33	4587980.92
10.	7585088.53	4587965.35
11.	7585000.67	4587896.92
12.	7584961.95	4587958.17
13.	7584954.07	4587980.25
14.	7584956.39	4588003.59
15.	7584961.03	4588017.58

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈАТА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Во планскиот опфат на ДУП за дел од УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Јане Сандански“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, планирани се следните намени на површини: домување во станбени куќи и домување во станбени згради.

Домувањето и станбениот фонд ангажираат најголем процент од територијата на градот, а со планираниот пораст на населението и со промената на стандардот на домување се укажува евиденција на негов понатамошен пораст. За идниот развој на станбениот фонд во градот во планираниот развоен период ќе се овозможи со повисок степен на искористување на земјиштето зафатено со досегашниот развој преку зголемување на густината на населеност и повисок степен на искористување на градежното земјиште, овозможување на повисок стандард на живеење со елиминација на супстандарден станбен фонд и порационално користење на веќе зафатеното и урбанизирано земјиште.

Генералниот урбанистички план на Кавадарци со концептот на просторната организација на градот во определените граници на планскиот опфат, ги дефинира структурата и просторниот распоред на површините наменети за основните градски функции и инфраструктурни системи.

Одредбите за реализација на ГУП Кавадарци имаат цел да обезбедат јасна презентација на податоците неопходни за изготвување на урбанистички планови од пониско ниво.

2.1. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

За дефинирање на програмските елементи користени се податоци од извршената анализа на постојната состојба, досегашната документација и ГУП за Кавадарци, претходни ДУП - ови, Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
Намената на површините во состав на планскиот опфат е составен дел на урбанистичкиот план. Крајна цел на урбанистичкиот план е да се определи начинот на употребата на земјиштето што е предмет на планирање како и системот и начинот на изградба на тоа земјиште.
Согласно планските решенија за уредување на просторот, планскиот опфат е со следните класи на намени:

А- ДОМУВАЊЕ
А1 – Домување во станбени куќи

А2 – Домување во станбени згради

Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 – Комунална инфраструктура

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Просторниот концепт на планскиот опфат е изработен во планираните граници на планскиот опфат.
Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е еден од принципите врз кој е поставен планскиот концепт. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.
Во просторната организација на едно урбано подрачје потребно е да се вградат минатото, сегашноста и иднината, а тоа диктира создавање на населба за задоволување на животните и општествените потреби на населението, обезбедување на заштита од бука и прашина со широко отварање према околниот пејсаж, зеленило и сонцето. За задоволување на хигиено-здравствените услови, градбите ќе бидат поволно поставени во однос на инсолацијата и проветрувањето.

Растојанието меѓу градбите ќе овозможи поволна ориентација према намената, а слободните површини од градежната парцела ќе се користат за зеленило. Сообраќајниците ќе ја пратат конфигурацијата на теренот со потребен профил.
Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидената градба во функционална целина со естетска препознатливост.

3.1. ПОВРШИНА И НАМЕНА

Површината во границите на планскиот опфат на ДУП за дел од УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Јане Сандански“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци -планска документација изнесува 1.3ха. Основната намена на просторот е А – домување, односно поединечни класи на намена, А1 – домување во станбени куќи и А2 – домување во станбени згради.
*Вкупно намена **А – домување*** во рамките на планскиот опфат зафаќа површина од 1.02ха односно 78% од површината на планскиот опфат.

Класа на намена Е1 – комунална инфраструктура (улици и тротоари) кои зафаќаат површина од 0,28ха.

Парцелација и регулација

Парцелацијата во рамките на планскиот опфат, е вршена во најголем број случаи со задржување на катастарските граници на парцелите. Заради полесно согледување на просторот извршена е нумерација на градежните парцели во нив.

Во секоја градежна парцела е означена површината во рамките на која може да се гради градба.

Местоположбата на градбата во рамките на површината за градба е дефинирана во однос на градежната линија.

Големината на површината за градење е ограничена од следното:

- процент на изграденост на локацијата
- коефициент на искористеност на земјиштето
- висина на венец.

Кои параметри се утврдени во зависност од намената на градбата кој што ќе се гради.

Бидејќи се работи за блок кој веќе целосно е изграден, при урбаната обнова се дозволува градба на соодветна градба и во градежни парцели кои се помали од пропишаните, а воедно процентот на изграденост и коефициентот на искористување ќе бидат соодветни на големината на градежната парцела.

Изградените градби, евидентирани во постојната состојба максимално се почитувани и вклопени во планот со дефинирани парцели и обезбедени пристапи до нив.

Паркирањето на моторните возила за сите градби е решено да се врши во рамките на градежната парцела или на планираните јавни паркинзи.

Пристапувањето со возило до градежните парцели е решено директно од сообраќајниците или преку пристапи.

3.2. ДОМУВАЊЕ

Со намена А1 – Домување во станбени куќи, предвидена е 31 градежна парцела.

- **Површината на градежните парцели наменети за станбени куќи изнесува 8862м2;**
- Површина на градба 5268м2
- Просечен процент на изграденост 59%
- Просечен коефициент на искористеност изнесува 2,0
- Кота на приземје ±0.00
- Кота на венец до 10,20м.

Со намена А2 – Домување во станбени згради, предвидени се 3 градежни парцели.

- Површината на градежните парцели наменети за станбени згради изнесува 1301м2;

- површина за градба 769м2;
- просечен процент на изграденост 60%;
- просечен коефициент на искористеност изнесува 3;
- кота на приземје ±0.00;
- кота на венец до 13,50m.

НАПОМЕНА: Сите карактеристични податоци во врска со парцелите за домување дадени се во табеларниот преглед

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2020-2025		
1	Површина на плански опфат	1,3ха
2	Површина за домување - парцели	1,02ха
3	Површина за градба	0,6ха
4	Процент на изграденост	59%
5	Коефициент на искористеност	2,4
6	Број на жители	249
7	Број на домаќинства	71
8	Просечен број на членови во едно домаќинство	3,5
9	Густина на населеност	191/ха

3.3. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

При изготвувањето на ДУП за дел од УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Јане Сандански“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, во сообраќаен смисол водено е сметка за ГУП на град Кавадарци каде се дефинирани сообраќајниците од повисок ранг: сервисна улица: “Народен фронт”, “Задругарска“ и „Ресавска“.

Останатата сообраќајна инфраструктура во рамките на планскиот опфат е превземена од предходен усвоен ДУП за дел од УБ 15К, Јане Сандански (2012-2017).

Со изработка на ДУП за дел од Блок 10.5, постојните сообраќајници се задржани заради изграденоста на околниот простор кој го опслужуваат, а предвидено е нивно дооформување према стандардите и нормативите за планирање на јавни патишта.

Мрежата на сообраќајници ја сочинуваат следните видови улици:

-сервисни улици: ул.„Народен фронт“, „Задругарска“ и „Ресавска“ (категоризација и профили од ГУП за град Кавадарци)

-станбена улица: ул.„Пролетерска“

-пристапни улица: ул.„Јане Сандански“, „1“, „2“ и „3“ (категоризација и профили од предходен усвоен ДУП за дел од УБ 15К, Јане Сандански (2012-2017).

Предвидени профили на улиците се:

Сервисна улица (профил СР3) ул.„Народен Фронт“ со вкупна ширина од 14,0м, коловоз 2 х 3,5м = 7,0м и тротоари 2 х 3,50 м = 7,0м.

Сервисна улица (профил СР4) ул.„Задругарска“ со вкупна ширина од 12,0м, коловоз 2 х 3,5м = 7,0м и тротоари 2 х 2,5 м = 5,0м.

Сервисна улица (профил СР6) ул.„Ресавска“ со вкупна ширина од 13,0м, коловоз 2 х 3,5м = 7,0м и тротоари 2 х 3,0 м = 6,0м.

Станбени улици (профил СТ1) ул**.** „Пролетерска“ со вкупна ширина од 8,50м, коловоз 2 х 2.75 м = 5,50 м и тротоари 2 х 1,50м = 3,0 м

Пристапна улица (профил Пр1) улица „Јане Сандански“ со ширина од 6,7м, коловоз 2 х 2.75м = 5,50м и тротоар 1.20м
Пристапна улица (профил Пр2) улица „1,2 и 3“, со вкупна ширина од 5,5м

Паркирањето да се планира во рамките на градежната парцела.

3.4. НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН

На основа на предвидениот ДУП се пристапи кон изготвување на нивелациско решение.

Со дооформување на постоечките улици за сите осовински точки одредени се координатите на истите. Нивелетите на постоечките улици задржани се во постоечката состојба.

Во елаборатот приложена е ситуација 1:1000 на која се означени котите на осовинските точки, подолжните падови и почетоците, краевите и радиусите на пооделните кружни кривини.

3.5.ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Бидејќи се работи за урбан блок кој е изграден, што значи на тој простор има изведена водоводна и канализациона мрежа која представува дел од зацртаната основна мрежа. Се предвидува дооформување на истата.

А. Водоснабдување

Од анализата за постојната состојба за инфраструктурата констатирано е дека водоснабдувањето на зоната е преку цевовод приклучен на постојната водоводна инсталација на Кавадарци.

Изборот на трасите е извршен според планираната состојба односно предвидениот распоред на предвидени сообраќајници односно водокорисници.

Потребна количина на вода

. Потребна колиѝина на санитарна вода:

- •број на потрошувачи N = 249
- •водоснабдителна норма Q_o = 400л/ден/жит.
- •коефициент на дневна и часовна нерамномерностt a_1=1,3; a_2=1,5
- •Q_{sr}=249x400=99600 л/ден.
- •$Q_{maks/den=}$1,3 x 99600 = 129480 л/д.
- •$Q_{maks/\sim as}$ = 1,5 x 99600/24 = 6225 л/ч.
- •

Усвоен процент на минимална часовна потрошувачка на вода:

- R_{min} = 1%

•$Q_{maks/\sim as}$ = 1/100 x 6225 = 62,25 л/ч

Секундарни проточни количини:

- •$q_{sred/den}$ = 129480/24 x 60 x 60 = 1,5 л/сек.
- •$Q_{maks/den}$ = 99600/24 x 60 x 60 = 1,1 л/сек.
- •$Q_{maks/\sim as}$ = 17050/60 h 60 = 4,7 л/сек.
- •$Q_{min/as}$ = 170,5/60 h 60 = 0,05 л/сек.

Новопланираниот водовод по планираните улици да се планира со мин. профил Ф100.

Потребна количина на вода за гаснење на пожар

Према законските прописи потребната количина за гаснење на евентуален пожар за населено место до 5000 жители изнесува:

- број на истовремени пожари – 1(еден)
- најмало количество на вода во л/сек

По еден пожар без оглед на отпорноста на објектите q=10 л/сек.

Б. Фекална канализација

Изборот на трасите е извршен според планираната состојба односно предвидениот распоред на предвидени сообраќајници односно водокорисници. Одведувањето на отпадните води ќе се врши во главните водови канализација изведена со Ø200 по ул. Јане Сандански и бетонски цевки Ø250 по ул. Задругарска

Врз основа на бројот на жителите, водоснабдителната норма и општиот коефициент на наерамномерност, количината на отпадните фекални води за димензионирање на каналите ја определуваме по формулата:

$Q_{max.}$= Qo x k1 x k2 x 80% x 1,25/24 x 3600

$Q_{max=}$ 249x1,4 x1,6x0,80x1,25/24x3600=0,006л/сек/жит.

$Q_{max/час}$ = 249 x 0,005 = 1,24л/сек.

Се предвидува фекалната канализација да се изведе со минимален профил Ø 200 mm. без оглед на расположивите падови.

В. Атмосферска канализација

Атмосферските води кои ја напаѓаат урбанизираната зона се надворешни и сопствени. Сопствените води се оние кои се јавуват во границата на планскиот опфат, додека надворешните води се јавуваат надвор од границата на урбаниот опфат и ја напаѓаат истата.

Количината на сопствените води ќе се определи во зависност од интензитетот на дождот, сливната површина и коефициентот на отечување, која што количина е меродавна за димензионирање на каналската мрежа.

Надворешните води кои потекнуваат од сливните површини надвор од урбанизираната зона, а ја напаѓаат истата формираат порои односно долови.

Количините на атмосферските води ќе се одредат во зависност од следните параметри:

Q = q x ɣ wx F(л/сек).

Q = вкупна количина на атмосферска вода

q = интензитет на дождот усвоен 120 л/сек/ха

ɣ = коефициент на истекувањето кој е во директна врска од намената на површината, падот на теренот и планираниот процент на изграденост на разни градски функции.

Минималниот пречник на канализацијата усвоен е ф300.

3.6. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

За потребите за снабдување со квалитетна електрична енергија на потрошувачите од Урбаниот блок постои трафостаница во близина на планскиот опфат.

Во планскиот опфат, постојната Н.Н мрежа се напојува од трафостаницата која во моментот задоволува.

Основни содржини во опфатот кој е предмет на разработка со Деталниот урбанистички план се следните: - домување и сообраќајни површини.

За горе наведените содржини пристапуваме кон потребни едновремени снаги, односно анализи.

Дел домување

Се смета за просечен стан со инсталирана снага од 30KW. На истата снага коефициентот на efn = 0,465 односно едновремена снага по домаќинство ќе изнесува:

Коефициент на бесконечен број на станови f∞ = 0,185

Вкупно планиран број на станови во локалитетот опфатен со деталниот урбанистички план е 71.

Едновремена снага за група станови ја пресметуваме по образецот:

$F_n = f\infty + 1-f\infty/\sqrt{n} = 0,185 + 1-0,185/\sqrt{554} = 0,22$

Потребна едновремена снага за становите:

∑ ред.ст. = ред. x n x f = 13 x 71 x 0,22 = 203,06

Затоплувањето на станбениот простор во моментот се врши со течни горива, цврсти горива и електрична енергија.

Коефициентот на застапеност на загревањето на станбениот простор со електрична енергија усвоен 0.6, или потребна едновремена снага за греење со електрична енергија по стан е 2,5KW.

Вкупната потребна едновремена снага за затоплување со електрична енергија ќе изнесува:
∑ ред.+ р = ред x n x k = 2,5 x 71 x 0,6 = 106,5 KW.
Вкупната едновремена снага за конзумните станови во локалитетот ќе изнесува:
∑ ред.ст ∑ ред. + ∑ ред.т.п = 203,06 + 106,5 = 312,56

Сообраќајна површина- потребна снага за осветлување:
2798m2 x 0,0005 kW/m2 = 1,4 kW
Вкупна потребна снага за домување и улично осветлување кои ќе ги задоволат потребите од планираниот период:
∑ред.ст. = 203,06+106,5+312,56+1,4=623,52 kW

Секоја потреба од дислокација на електрична мрежа да е согласно мрежните правилна на Електродистрибуција и за планираните градби благовремено да бидат достаѣени барања за истите да се планираат од соодветни служби во Електродистрибуција Кавадарци.

- целосно да се почитуваат законските и подзаконските прописи и работни норми кај сите вкрстување и приближување кон објектите на Електродистибуција ДОО Скопје;
- навремено, пред почетокот на градежните работи во близина на дистрибутивната мрежа, потребно е изведбата на градежните работи да се координира со Електродистрибуција ДОО Скопје, при што неопходните заштитни мерки треба да се утврдат договорно;
- при работа во близина на високонапонските кабелски и воздушни водови, потребно е придржување кон упатствата за превенција од предизвикување на штети за работниците ракувачи со кранови и багери, за заштита на каблите и условите за одобрение за работа со распрскувачки материјали;
- доколку при изградбата на објектот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и постројки на Електродистрибуција ДОО Скопје, инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација;
- во случај на настанување на штета на електроенргетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на Електродистрибуција ДОО Скопје;

Телекомуникационата мрежа е предвидена да обезбеди телефонски приклучок за секоја површина за градба и истото треба да го реши Телеком - подрачна единица Кавадарци. Воведувањето на оптички кабли во месната телефонска мрежа и на соодветните оптички системи ќе овозможи воведување на т.н. широкопојасни претплатнички услуги во наредниот период.

3.7. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Општо

Просторот на планскиот опфат представува сочувана средина без еколошки нарушувања со чист воздух и почва.

Заштитата на животната средина, заедно со просторната разместеност на населението со сите зони за живеење и инфраструктурата со урбанизацијата е третирана како битен елемент за идниот развој за градот Кавадарци.

Почва

Еколошката стабилност на земјиштето е во зависност од рационалното искористување на земјиштето на плодните земјоделски површини и шумите, во однос на деградираните површини (голините и шикарите). Во населбата теренот има V и VI бонитетна класа.

Сообраќај

Населбата ќе се развива плански со максимално почитување на следните нормативи:

- Правилно поставување на сообраќајниците во однос на теренот односно сообраќајниците да имаат наклон од 4 (6)% - 8(12)% за брдовит терен , а самостојни пешачки патеки 12 (14)%.

Наменски зони

За функционирање на населбата се следните зони:

- домување
- инфраструктура

Отпадни материјали

За собирање на отпадните материјали низ населбата се планирани ниши за контејнери и садови за отпадните материјали лоцирани во дворните места, а на ниво на цел град во постојната депонија.

Отпадни води

Низ населбата се планира систем на канализациона мрежа што ќе ги собере отпадните води и ќе ги пренесе до градската мрежа.

Заштита од други катастрофи

Под други катастрофи во Законот секако се однесува на земјотреси и воени разурнувања кои се тесно поврзани со појавување на пожар. За земјотресите, заштитата е по пат на примена на техничките прописи за асеизмичка градба.

За мерките за заштита од воени разурнувања се изработува посебен атест, ако има потреба, а што е во согласност со ПП за одбрана и заштита.

3.7.1 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Воведен дел:

Мерките за заштита и спасување (ЗС) во Детален урбанистички план за дел од УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Јане Сандански“, К.О. Кавадарци град, Општина Кавадарци, се вградени врз основа на Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16).

Опис на локацијата и објектите (основни податоци во врска со Заштита и спасување и кратка процена на загрозеноста на планскиот опфат (ПО)

а)Општи карактеристики

Локацијата на планскиот опфат се наоѓа во централниот дел на град Кавадарци и опфаќа дел од УЕ 10, односно дел од Блок 10.5 – Општина Кавадарци.

Површината на планскиот опфат изнесува 1,30ха.

- Предвидени класи на намена:

А – ДОМУВАЊЕ
А1 – Домување во станбени куќи
А2 – Домување во станбени згради

Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 – Комунална инфраструктура

-Теренот на местото на опфатот е со благ пад во насока од север кон југ. Почвата е со релативно добри геомеханички карактеристики и без пошуменост. Во поглед на сеизмичката загрозеност опфатот се наоѓа во зона со коефициент на сеизмичност од 8 степени по Макросеизмичката скала (МСС);

-Предвидената густината на објектите и сообраќајната инфрастуктура во градежната парцела е со урбанистичко технички карактеристики со кои се овозможуваат превентивните оперативни мерки за заштита и спасување.

б)Процена на загрозеноста на планскиот опфат и утврдување на потребните мерки за заштита и спасување

-Нема потреба за изградба на објекти за заштита (засолништа), со оглед дека Општина Кавадарци, а со тоа и третираниот плански опфат се наоѓа во зона на воена загрозеност со III основен степен на загрозеност;

-Потребно е да се вградат мерки за заштита од пожари, соодветни на степенот на загрозеност на планскиот опфат.

Очекувано пожарно оптеретување е 420-840 КЈ, што произлегува од оптеретување 25-50 кг/м². Тоа значи дека оптеретувањето е средно и појавениот

пожар може да се пренесува во непосредната околина, што диктира поставување на противпожарни хидранти на 80-100м растојание.

Загрозеноста од евентуални шумски пожари е мала;

-Со оглед на тоа дека поширокиот реон во кој се наоѓа третираниот плански опфат не е регистриран по присуството на заостанати неексплодирани убојни средства (НУС), нема потреба во планската документација да се вградат превентивни мерки за заштита од истите;

-Со оглед на тоа дека планскиот опфат се наоѓа во сеимичка зона (8 степени по МСС), треба да бидат застапени соодветни превентивни технички мерки;

в)Заклучок

Согласно член 6 од Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите (Сл.В.На РМ бр.105/05), врз основа на процената на загрозеност на планскиот опфат во ДУП за истиот, спрема член 61 од Законот за заштита и спасување се опфатени следните урбанистичко-технички мерки за заштита и спасување:

-Заштита и спасување од пожари, екплозии и опасни материи;

-Заштита и спасување од урнатини;

-Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи;

Со вградување на истите ќе се овозможи преземање и непречено реализирање и на потребните хуманитарни мерки - евакуација – прва медицинска помош.

1.Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Согласно член 68, став 3 од Законот за ЗС (прочистен текст) во Детален урбанистички план за дел од УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Јане Сандански“, К.О. Кавадарци град, Општина Кавадарци, на третираниот ПО опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи со планираните урбанистички решенија во ПО и превидената примена на техничките нормативи при понатамошната фаза на проектирање и изградба на планираните објекти во истиот, и тоа:

-Бидејќи во близина на планскиот опфат има водоводна мрежа, согласно член 76 од Законот за ЗС планирано е потребниот проток на вода за гасење на пожари да се обезбеди со приклучок од водоводната мрежа во рамките на планскиот опфат.

-Во рамките на поширокото опкружување на планскиот опфат предвидена е изградба на **хидрантска мрежа** за гасење пожари, регулирано со Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари.

Со оглед на површината на опфатот, хидрантската мрежа е планирана за поширок дел од населбата бидејќи сите околни објекти се со намена домување и предвидена е со поставување на надворешни хидранти со пречник 80 до 100мм, на меѓусебно растојание помало од 80м, со пречник на разводниот цевовод не помал од 100мм со проток на вода од 10 л/сек и обезбеден потребен-пресметан притисок (5 бари) на местото на потрошувачката, кој не

смее да биде помал од 2,5 бари (член 17, 20 и 21 од гореспомнатиот Правилник).

Надворешните хидранти се предвидени надземни, а доколку го попречуваат сообраќајот, се предвидува поставување на подземни хидранти, согласно член 19 од гореспомнатиот Правилник. Хидрантите треба да бидат лесно достапни и постојано подготвени за употреба и на растојание од 5-10м од објектите.

-Предвидена прописна оддалеченост меѓу објектите која не дозволува префрлање на евентуалниот пожар од еден на друг објект.

-Предвидени прописни сервисни улици со ширина на коловозот од 6,0м со што е обезбеден непречен пристап на ПП и други возила.

-Внатрешно сообраќајно решение (сообраќајници и платоа) овозможува непречен пристап и маневар на силите и средствата за гасење пожари. Носивоста на коловозот на сообраќајниците треба да изнесува 10 тони на осовинско оптеретување, а минималната ширина на едносмерна сообраќајница изнесува 3,50м.

-Избор на градежни материјали за изградба на предвидените објекти со конструктивни елементи со потребен степен на отпорност на пожари.

• Со наведените урбанистичко-технички мерки се овозможува и примената на оперативните мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување, како и давање помош при отстранување на последиците.

2.Заштита и спасување од урнатини

Согласно член 8 од Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини (Сл.Весник на РМ бр.98/2005) во Детален урбанистички план за дел од УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Јане Сандански“, К.О. Кавадарци град, Општина Кавадарци, утврдени се следните мерки за заштита и спасување од урнатини:

-Оптималната отпорност на објектите од уривање предизвикано од сеизмички потреси изнесува 8 степени по МСС, поради што проектирањето на истите треба да се врши со наведениот коефициент на сеизмичност и со правилен избор на соодветен конструктивен систем и градежни материјали.

-Со оглед на вкупната површина на опфатот, се претпоставува мал степен на урнатини и нивен мал процентуален однос спрема слободните површини;

-Степен на проодност на сообраќајниците - сообраќајната мрежа во случај на урнатини се обезбедува со предвиденото прописно растојание меѓу објектите, кои ќе овозможат брз пристап и непречена работа на силите за заштита и спасување. Проодноста на комуникациите помеѓу објектите зависи од нивната катност и растојанијата на истите од двете страни на комуникацијата. Одредувањето на меѓусебното растојание помеѓу објектите треба да се врши со предвидена ширина на урнатините која изнесува минимум ½ од висината на соодветните објекти, со што се оневозможува создавањето на т.н. тесни грла на сообраќајниците, како и создавање на зона на тотални урнатини;

• Со наведените урбанистичко-технички мерки се овозможува и примената на оперативните мерки за спасување од урнатини кои опфаќаат мерки и активности за заштита од уривање, извидување на урнатините, пронаоѓање на

затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

3.Заштита и спасување од технолошко-технички несреќи

Во планскиот опфат се предвидени објекти со намена домување и во нив не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, потребно е согласно член 82 од Законот за заштита и спасување а во врска со член 2 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и член 14 од Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари се вградени и се предвидуваат следните превентивни мерки за заштита од технолошко-технички несреќи:

-Примена на техничките нормативи при проектирањето и изградбата на објекти;

-Редовно и прописно одржување на инсталациите и опремата во истите;

-Одржување и заштита на инфраструктурните водови во планскиот опфат;

-Примена на прописи од областа на безбедноста и здравјето при работа и други во зависност од конкретната дејност на објектите.

4.Заштита и спасување од поплави

Мерките се Заштита и спасување од поплави опфаќаат:

-регулирање на водотеците,

-изградба на заштитни објекти,

-одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти,

-набљудување и извидување на состојбите на водотеците,

-навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје,

-спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје,

-обезбедување на премин и превоз преку вода,

-црпење на водата од поплавените објекти

-обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и

- учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

5.0 Мерки за заштита на културно наследство

Планирањето на **заштитата на недвижното културно наследство** е нераскинлив дел на планирањето на економскиот, социјалниот и просторниот развој на одделни подрачја и земјата во целина, а во тие рамки и на просторното и урбанистичкото планирање. Согласно Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04), недвижно културно наследство е поделено на видови: споменици, споменички целини и културни предели. Од страна на Управата за заштита на културното наследство, орган во

состав на Министерството за култура не е добиено мислење односно податоци за постоење на археолошки добра.

Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Р.М бр 20/04,71/04,115/07,18/11,148/11,23/13,137/13,164/13,38/14,44/14,199/14,104/15,154/15, 192/15 и 39/16).

4.0. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ДУП за дел од УЕ 10, блок 10.5, Јане Сандански, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци

- Условите за изградба на просторот се составен дел на планот. Истите се инструмент за негова реализација и основа за утврдување на просторот и издавање на урбанистичко- архитектонски услови за градба.

Градбите евидентирани на ажурирана геодетска подлога изградени или во градба се третираат како постојна состојба.

Општите параметри важат за целото урбано подрачје, освен во случаите каде што со посебни параметри не е поинаку одредено.

Посебните параметри за спроведување на планот се однесуваат на секој блок, односно секоја градежна парцела поединечно.

- За спроведување на планот важат сите стандарди и нормативи пропишани со:
  - Законот за Просторно и урбанистичко планирање - Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18)
  - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. весник на РМ, (бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) .
  - Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ, бр. 142/15).

1. Парцела

Градежна парцела се дефинира со планот и го определува просторот што му припаѓа на постојната или планирана површина за градба.

Катастарска парцела дефинира сопственост на земјиштето или право на користење на земјиштето.

Во постапката за реализација се врши дооформување на градежна парцела доколку таа не се поклопува со катастарската.

Тенденција е градежната парцела да се поклопува со катастарската парцела.

2. Регулациона линија

Со регулационата линија се разграничува земјиштето за градба (градежни парцели) од земјиштето наменето за општ интерес (јавни сообраќајни површини и други површини).

3. Градежна линија

Со градежни линии се максимилизира површината за градба во рамките на градежната парцела.

4. Површина за градба

Површината за градба зависи од:

-регулационата линија и границата на парцелата,
-градежната линија,
-процентот на изграденост на парцелата,
-коефициентот на искористеност на земјиштето,
-условите за паркирање (гаражирање) на возила.

5. Максимална и дозволена висина на градба

Максималната висина на изградба дефинирана со овој План е дадена условно за секоја површина за градба.

Височина на градење

Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела.

За рамен терен максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

За терени во пад доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

Максималната височина на градбата се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектна документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот за достигнување на максималната височина на градбата. Оваа условеност најчесто се однесува на барањето во рамките на градежната парцела да се обезбеди потребниот број на паркинг места според намената на градбата и стандардите и нормативите за урбанистичко планирање или друг построг услов утврден во урбанистичкиот план за конкретното подрачје, блок или градежна парцела.

Поместување на нултата плоча не смее да се врши под котата на тротоарот.

Максималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата линија е 15 см.

За терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата, карактеристичните пресеци и сл.

6. Обележување на парцели

Планскиот опфат го сочинуваат одреден број нумерирани парцели, нумерирани редоследно, односно 10.5.1, 10.5.2, .. .

7. Намена на земјиште

Намена на земјиштето е планска определба за целите за користење или изградба на земјиштето

Согласно планските решенија за уредување на просторот е со следните класи на намени:

А – ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во станбени куќи

А2 – Домување во станбени згради

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Сообраќајна инфраструктура

Изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко-техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, техничките прописи во градежништвото и овие параметри.

8. Фасада

За задоволување на естетскиот изглед на уличната фасада еден од условите е да се почитуваат дозволените граници на изведба.

Во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните градби со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

Обработката на фасадите да биде од цврст материјал во склад со традицијата на поднебјето. Употребата на квалитетни и трајни материјали, колоритното решение да се вклопува и допринесува за оформување на околниот амбиент.

9. Кровови

Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот градба и од намената на истиот.

Градбите да се покриваат со коси кровови. Нагибот на кровот зависи од материјалот кој ќе биде употребен.

10. Калкани

Постојните калкански зидови како и оние што ќе се појават во текот на примена на планот, поради хронолошката разместеност на реализацијата на соседните парцели треба да бидат третирани со финална фасадна обработка.

11. Урбана опрема и дрвореди

Пешачките површини се финализираат со соодветни квалитетни обработки. Се поплочуваат со материјали кои го оплеменуваат просторот и го одвојуваат движењето на пешаците од сообраќајното движење.

12. Бариери

Бариерите се пречки кои оневозможуваат непречено движење на хендикепирани лица. Затоа посебно внимание да се даде во зоните каде се движат пешаците односно тротоарите. Површините за движење на пешаците треба да бидат изведени хоризонтално или со наклон до 5%, со минимална ширина од 1,50м.

Сите жардињери за цвеќе, украсни огради и други елементи во просторот, не смеат да го спречуваат или отежнуваат движењето на хендикепираните лица.

13. Зеленило

Зелените површини во рамките на планскиот опфат да се организираат во зависност од намената на просторот и тоа:

- во рамките на дворните места, односно градини околу градбите да се уредат со тревни површини, насади од цвеќе, декоративни листопадни и зимзелени дрвја, жбунови, според изборот, желбите и можностите на сопствениците и локациските можности, со мин.20% зеленило во рамките на градежните парцели.

14. Сообраќај

Сите предвидени простори (површини) за оваа намена ќе се изведат спрема актуелните прописи, стандарди и нормативи (како што е предложено со Планот).

15. Паркирање и гаражирање

Секој инвеститор на градба е должен во рамките на својата парцела, во зависност од намената, да обезбеди потребен број паркинзи или гаражни места, согласно со параметрите на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

16. Инфраструктура

За спроведување на сите надземни и подземни градби и инсталации од инфраструктурата се обезбедени коридори помеѓу регулационите линии и во зависност од потребите и важечките законски и нормативни акти ќе се видат можни интервенции.

Во просторот наменет за улици по правило се сместуваат комуналните инсталации и градби, и тоа:

- канализација;
- водовод;
- подземни електрични кабли;
- подземни Тткаблови и кабловски канали
- пароводни и гасоводни цевки;
- површинско одводнување на улиците;
- улично осветлување;
- сообраќајни знаци;
- дрвореди и друго зеленило.

Трафостаници

Локациите на трафостаниците треба да бидат лесно пристапни со товарно возило од сообраќајниците. Преостанатиот простор да биде организиран со уредени зелени површини.

Во колку локацијата е предвидена во склоп на градба треба да се обезбедат следните услови:

-да биде во приземје на градба

-лесно пристапна до сообраќајница

-темелењето на трансформаторите да биде издвоено од темелите на градба.

-да се обезбеди површина за да се задоволат пропишаните растојанија.

-да се преземат сите мерки за обезбедување од пожар.

-да се превземат мерки за обезбедување од вибрации и бучава предизвикана од работата на трансформаторот.

-да се обезбеди директна и природна вентилација.

5.0. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба во Планот се однесуваат поединечно за секоја градежна парцела.

Изградбата на новопредвидените градби, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, како и изградбата на сообраќајната и комуналната инфраструктура ќе се изведуваат според важечката законска и подзаконска регулатива, Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18), одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во градежништвото.

Во табеларниот приказ се прикажани сите градежни парцели со број, површина на парцела, површина за градба, процент на изграденост, коефициент на искористеност, максимална изградена површина, намена на површини, кота на венец, катност, број на паркинг места и место за паркирање. Постојната катастарска поделба на парцелите е почитувана и потврдена во максимална можна мерка, а корегирана со цел за оформување на поволни градежни парцели.

Потребите за паркирање ќе се решат во рамките на сопствена парцела со почитување на потребниот број на паркинг места, согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

Доколку бидат констатирани археолошки содржини да се прекине со земјениот ископ, и да се овозможи спроведување на заштитни мерки, односно да се изврши заштитно археолошко истражување

При реализацијата на ДУП доколку има потреба од реконструктивни зафати на постојната електро енергетска мрежа сите трошоци ќе бидат на терет на барателот.

5.1. Градежна парцела со намена

А – ДОМУВАЊЕ

1.1 А1 – Домување во станбени куќи

Компатибилни класи на намена

Б1 – мали комерцијални и деловни намени (30% од А1)

В1 – образование и наука (30% од А1)

В2 – здравство и социјална заштита (30% од А1)

